**ЗАПИСНИК**
**од 10-та седница на Советот на Агенцијата за аудио**
**и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 02.03.2017 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски, претседател на Советот на АААВМУ, д-р Милаим Фетаи, заменик на претседателот на Советот на АААВМУ, м-р Алма Машовиќ, Зоран Фиданоски, Лазар Трајчев, м-р Методија Јанчески, Селвер Ајдини.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /**

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручна служба:** м-р Драгица Љубевска, Горан Радуновиќ, Цветанка Митревска, м-р Ружица Бошнаковска Јотевска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски, ја отвори 10-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:30 часот и се одржа во просториите на Агенцијата.

Г-дин Петрушевски, во врска со предложениот дневен ред, информира дека Точката 4 со наслов Предлог-одлука за одземање на дозволата за радио емитување, ја повлекува, од причина што единствениот радиодифузер за кого имаше предлог за одземање на дозволата, го уплати износот за надоместокот и од таа причина ќе се префрли во Точка 2 каде се запираат покренатите постапки. Во таа насока ќе се измени редоследот на точките во Дневниот ред за 10-та седница, со тоа што Точка 5 станува Точка 4, а Точка 6 Разно, станува Точка 5.

Советот на Агенцијата, со предложените измени, едногласно, со 7 гласа „за“, го усвои следниот:

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Усвојување на Предлог-записник од 9-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 27.02.2017 година.
2. Предлог за запирање на покрената постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување.
3. Предлог за покренување на постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување.
4. Предлог-одлука за потреба од јавна набавка: средства за хигиена.
5. Разно.

**Точка 1**

Советот го разгледа и со 6 гласа „за" и еден воздржан глас од г-дин Трајчев, го усвои Записникот од 9-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 27.02.2017 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Г-дин Петрушевски, објасни дека под оваа точка ќе се разгледуваат две потточки и тоа: предлог-решение за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговско радиодифузно друштво ТВ ЛАЖАНИ ДООЕЛ с.Лажани, Долнени, бр.08-52 од 05.01.2015 година и предлог-решение за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговско радиодифузно друштво РАДИО 5 ЧОКИ ДООЕЛ Прилеп, бр.08-117 од 05.01.2015 година.

Г-дин Трајчевски, објасни дека и двата наведени радиодифузери во целост го уплатија годишниот надоместок за дозволата за телевизиско односно радио емитување.

- Советот на Агенцијата го усвои Предлогот од директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.08-64 од 01.03.2017 година и едногласно донесе решение за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговско радиодифузно друштво ТВ ЛАЖАНИ ДООЕЛ с.Лажани, Долнени, бр.08-52 од 05.01.2015 година, поради извршена уплата во износ од 167.733,00 (стошеесетиседумилјадиииседумстотинитриесетитри) денари за годишен надоместок за дозволата за телевизиско емитување.

Се задолжи Секторот за координација и поддршка на работата на Директорот и на Советот на Агенцијата, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

- Советот на Агенцијата го усвои Предлогот од директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.08-62 од 02.03.2017 година и донесе решение за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговско радиодифузно друштво РАДИО 5 ЧОКИ ДООЕЛ Прилеп, бр.08-117 од 05.01.2015 година, поради извршена уплата во износ од 36.209,00 (триесетишестилјадиидвестеидевет) денари за годишен надоместок за дозволата за радио емитување.

Се задолжи Секторот за координација и поддршка на работата на Директорот и на Советот на Агенцијата, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Точка 3**

Советот на Агенцијата го усвои предлогот на директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.08-94 од 02.03.2017 година и едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво ТВ ХАНА, Мевљан ДООЕЛ Куманово, бр.08-42 од 05.01.2015 година, поради прекршување на член 80 став 5, а согласно со член 23 став 1 алинеја 3 и член 82 став 1 алинеја 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14 и 142/16), со оглед на фактот дека радиодифузерот не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил надоместокот за дозволата за телевизиско емитување во законски утврдениот рок, што е утврдено во Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.05-1061/1 од 01.03.2017 година.

Доколку горенаведениот радиодифузер не го плати годишниот надоместок за дозволата, согласно Фактурата издадена од Агенцијата, Советот на Агенцијата во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на Предлогот за покренување постапка за одземање на дозволата, ќе донесе Одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво ТВ ХАНА, Мевљан ДООЕЛ Куманово, бр.08-42 од 05.01.2015 година, поради прекршување на член 80 став 5, а согласно со член 82 став 1 алинеја 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија", 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14 и 142/16).

**Точка 4**

Раководителката на одделението за јавни набавки и општи работи, Цветанка Митревска, ја образложи Предлог-одлуката за потреба од јавна набавка: средства за хигиена. Објасни дека станува збор за набавка која се спроведува секоја година за потребите на Агенцијата. Бидејќи се работи за набавка на стока, ќе се користи стандардна техничка спецификација која е подготвена од Советот за јавни набавки, со цел спроведувањето на набавката биде во согласност со одредбите од Законот кои се пропишани за набавка на стоки.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот од директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.05-1044/3 од 01.03.2017 година и едногласно даде одобрение Директорот на Агенцијата да донесе Одлука за потреба од јавна набавка за предметот - стока: Средства за хигиена.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот - стока: Средства за хигиена, е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки во 2017 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст), бр.05-463/1 од 20.01.2017 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2017-та година.

**Точка 5**

**Разно**

Немаше точки под Разно

**Бр.** 02-1064/6
06.03 **2017 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**